нија. Во приказната, нашиот патник низ времето пресретнува вирус кој е испратен да елиривме контакти со голем број продуценти од оваа област, станавме препознатливи по свогираше серијата во првите 10 според гледаност на вечерни серии. **(С.У.)**

плод на нејзината љубов кон литературата. **(К.Р.)**

# Триото „Грациозо“ одржа турнеја во Словенија

## Триото го сочинуваат: Кристина Палија – сопран, Невенка Трајкова – пијано и Менче Богоевска – виолина

Триото „Грациозо“ („Grazioso“) од Македонија минатата седмица беше на турнеја во Словенија, низ Бела Краина, во Чрномељ, на одбележувањето на денот на општината, а во истиот град одржа и самостоен концерт. Хуманитарен концерт одржа и во Метлика. Во ова трио кое изведува дела од класичната музика членуваат: Кристина Палија – сопран од Неготино, Невенка Трајкова – пијано од Штип и Менче Богоевска – виолина од Велес.

„Бевме одлично примени, свиревме во полна сала на самостојниот концерт во Чрномељ. Настапивме со дела од




Масне, Обрадорс, Корсаков, Рахмањинов. На хуманитарниот концерт настапивме заедно со оперската певица Аленка Готар, со поп-изведувачите Регина, Ади Смолар, Андраж Хрибар и со многу други познати словенечки имиња“, рече Менче Богоевска.

Настапите на „Трио грациозо“ се одржаа во рамките на соработката на збратимените општини Неготино и Чрномељ, а на празникот на тамошната општина. На нивниот концерт присуствувале и Мојца Чемас Стјепанович – градоначалничка на општината и Тања Фајон – словенечка пратеничка во Европскиот парламент. Турнејата во Словенија е организирана од Заводот за образование и култура и Јавниот фонд за културни дејности на Словенија. Настапите и гостувањето во Словенија биле забележани во тамошните медиуми. **(П.П.)**

# „Солун - град на духови“ репризно на 7 март


Сцена од „Солун - град на духови“

## Новата претстава на „Театарот на навигаторот Цветко“ во режија на Слободан Унковски е објективна хроника за животот во најзначајниот град на регионот Македонија во текот на пет века

Претставата „Солун - град на духови“ од Русомир Богдановски, во режија на Слободан Унковски, ја одржа својата премиера на 2 март во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Текстот на Богдановски е инспириран од истоимената книга на Марк Мазовер, светски познат историчар и професор. Претставата е во продукција на „Театарот на навигаторот Цветко“, улогите ги играат: Симона Димковска, Ивана Павлаковиќ, Наталија Теодосиева, Стефан Вујисиќ, Мартин Манев, Горан Ников, Владимир Петровиќ, а оригиналната музика е на Златко Ориѓански.

„Солун - град на духови, христијани, муслимани и Евреи 1430-1950“, е објективна хроника за животот и случувањата во текот на пет века, која се одигрува во најзначајниот град на регионот Македонија. Таа го опфаќа периодот од турското освојување на Солун во 1430 година, па сè до депортацијата и холокаустот на 45.000 солунски Евреи во логорот Аушвиц. Како што се вели во најавата за претставата, Русомир Богдановски инспириран од оваа историска хроника развива документарно-играна драма, возбудлива по настаните, судбините на луѓето и течението на времето. Додека, Златко Ориѓански напиша музика за оваа претстава во духот на балканската музичка традиција.

Претставата е направена со поддршка на Министерството за култура и на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија. На 7 март, со почеток во 20 часот, е најавена нејзината реприза, која ќе се одржи исто во Меморијалниот центар на холокаустот. Влезот е слободен, а резервации на билети може да се направат на мејлот teatarnc@gmail.com.

Инаку, „Солун - град на духови“ е првиот дел од трилогијата која ќе ги опфати и: „Лерин - полињата жито“, „Ридиште крв“ во 2015 година и „Скопје - Скопје“ во 2016 година. **(С.У.)**